Врз основа на член 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018“ и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021“), Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно-стручни звања и демонстратори на БАС распишува

# КОНКУРС
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ

Се распишува Конкурс за избор на:

- Наставник во наставната област: Менаџмент и бизнис во постојан работен однос;

Кандидатот треба да ги исполнува следниве општите услови за избор во наставно звање:

- да има завршено втор циклус на академски студии и стекнато звање магистер во соодветната област или да имаат научен степен доктор на науки;
- да покажува способност за наставна и високостручна работа;
- да има објавено стручни/ научни трудови;
- да има остварено просечен успех од најмалку 8 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (доколку прв пат се избира во наставно звање);
- да има повеќегодишно успешно искуство во работите од својата струка.

Кандидатот треба да ги исполнува и посебните услови за избор на наставници на висока стручна школа предвидени со Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно-стручни звања и демонстратори на БАС кој може да се најде на интернет страната на БАС www.bas.edu.mk.

Кандидатот кој ќе биде избран ќе работи со полно работно време од понеделник до петок. Распоредот на работното време се утврдува со распоредот на настава. Во зависност од звањето во кое ќе биде избран кандидатот ќе зависи и износот на платата на избраниот кандидат. Изборот ќе се изврши во рок од најмногу 6 месеци од денот на објавување на конкурсот.

Кандидатите потребно е да поднесат: пријава, биографија, мотивационо писмо, доказ за завршено соодветно образование, уверение за државјанство, список на објавени стручни и научни трудови, по еден примерок од трудовите, како и други документи значајни за изборот. Документите може да се достават по e-mail на gordana.tasevska@bas.edu.mk, по пошта или лично во БАС, на ул. „Херцег Нови“ бр. 6 Битола. Лице за контакт: Проф. д-р Гордана Тасевска, 070 398 030.

**Конкурсот трае 8 (осум) дена од денот на објавувањето**